Постапувајќи согласно одредбите во рамките на проектот „Граѓански активизам за остварување на циркуларна економија во управувањето со органски отпад“ кој се спроведува од Центар за ресурси во животната средина (РЕЦ), во партнерство со Еко Логик и ЦЕД Флорозон-Скопје, со поддршка од Владата на Швајцарија и Амбасадата на Швајцарија во Северна Македонија преку програмата Цивика мобилитас се објавува:

**ПОВИК ЗА ПРИБИРАЊЕ НА ПОНУДИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ДИГИТАЛНА КАМПАЊА**

1. **Предмет на договорот за услуги**

Предмет на договорот е избор на маркетинг агенција за спроведување на едукативно-информативна кампања за придобивките и начините за искористување на органскиот отпад.
Дигиталните активности реализирани со промотивна кампања имаат за цел подигнување на јавна свест за штетните влијанија од неконтролираното постапување со органската компонента на отпадот од домаќинства и придобивките од искористувањето на био-отпадот, со примена на дигитални алатки, социјални мрежи и други е-канали.
Дигиталната кампања ќе се реализира од однапред подготвен медиа план изработен од страна на проектните партнери кој содржи промоција на едукативно-информативни содржини во форма на: инфо-графици, видео записи, кратки видео промотивни и дигитални прилози, статии или интервјуа на социјалните и дигиталните медиуми.

2. **Опсег на услугата**

Спроведување на дигитална кампања е врз основа на следниов медиа план:

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

Swiss Agency for Development and Cooperation SDC

„Проектот е поддржан од владата на Швајцарија преку Цивика мобилитас“

***Образец: Медиа план за дигитални медиуми***

| Активности | ПР Канали | Број на производи | | | | | | | | | | | | Времетраење на објавата и ПР канали |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 08 | 09 | 10 | 11 | 12 | 01 | 02 | 03 | 04 | 05 | 06 | 7/08 | |
| Статии | Закуп на социјални медиуми, најмалку 3 дигитални веб портали | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | | | | | | | 10 дена месечно |
| Промотивни видеа | Закуп на социјални медиуми, најмалку 3 дигитални веб портали, 1 национална ТВ | | | 1 | | | | | | | | | | 10 дена на соц. медиуми<br><br>25 емитувања во м. 10/25 на 1 ТВ |
| Интервјуа | Закуп на социјални медиуми, 2 дигитални веб портали | | | 1 | | | | | | | | | | 10 дена месечно |
| Интервјуа (видео запис) | Закуп на социјални медиуми, 2 дигитални веб портали | | 1 | | | | | | | | | | | 10 дена месечно |

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

**Swiss Agency for Development and Cooperation SDC**

„Проектот е поддржан од владата на Швајцарија преку Цивика мобилитас“

| | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Инфографик | Закуп на социјални медиуми, 2 дигитални портали | | | 1 | | | | 1 | | | | | | Првиот 10 дена месечно<br><br>Вториот 5 дена месечно |
| Кратки пораки (reals) | Закуп на социјални медиуми | | 1 | | 1 | | 1 | | 1 | | | | | 7 дена месечно |

Индикативна временска рамка на спроведување на дигиталната кампања: август 2025 – август 2026

Во рамките на кампањата, содржината ќе биде прилагодена според медиумот за да се обезбеди ефикасна комуникација со јавноста. На социјалните мрежи (Facebook, Instagram, YouTube) ќе се објавуваат инфографици, кратки едукативни видеа (reels), статични визуели, како и интервјуа во видео и пишан формат. На дигиталните веб портали ќе се пласираат статии, промотивни видеа и инфографици, со фокус на визуелна и текстуална едукација. За телевизија е предвидено емитување на едно промотивно видео со времетраење од мак. 30 секунди за кратка верзија на 1 национална телевизија, кое ќе пренесе клучна порака од кампањата на концизен и визуелно привлечен начин.

Очекуван опфат најмалку 175.000 граѓани.

„Проектот е поддржан од владата на Швајцарија преку Цивика мобилитас“

На квартално ниво и на крајот од завршување на кампањата нарачателот треба да подготви наративен извештај кој ќе содржи анализа и спроведени активности,  формати, опфат, ангажираност и анализа на постигнати ефекти (квалитативни и квантитативни).

3. <u>Содржина на понудите и квалификации за учество:</u>
Понудите, целата кореспонденција и документите поврзани со постапката кои ги разменуваат понудувачот и Нарачателот се пишуваат на македонски јазик со користење на неговото кирилично писмо.

**Елементи на понудата кои треба да бидат доставени се:**

- Кратка предложена методологија (приспат, предлог за објави на портали/ТВ и времетраење на услугите).
- Финансиска понуда во вкупен износ без ДДВ;
- Портфолио/референтна листа за правни лица;
- Изјава за за непостоење на услови за исклучување на добавувач за извршување на услуги за проектот;

**Потребни квалификации:**

- Да е правно лице - маркетинг агенција регистрирана за вршење на бараната дејност;
- Да поседува најмалку 7 години искуство во спроведување на маркетинг и промотивни услуги  на дигиталните медиуми;
- Да назначи лице кое ќе соработува со одговорните лица од проектот.

4.Начин на поднесување на понуди
Понудите мораат да се поднесат најдоцна до **13.08.2025** година до **16 часот** на следнава електронска адреса: project@florozon.org.mk со назнака: „Понуда за спроведување на дигитална кампања".

Понудата која е поднесена по истекот на крајниот рок за поднесување на понудите нема да се разгледува.

5. Право на учество
Право да достави понуда има секое домашно правно лице - маркетинг агенција.

6. Цена на понудата
Цената на понудата се пишува со бројки и букви.

7. Валута на понудите
Цената на понудата се изразува во денари без вклучен данок на додадена вредност за правни лица. Проектот е ослободен од данок на додадена вредност.

8. Критериуми за доделување на договор
8.1 Критериуми за доделување на договорот за услуги за промотивна кампања на дигиталните медиуми се:

- Искуство и портфолио: 30 бодови
- Организација и краток пристап (Квалитет и иновативност на стратегијата): 30 бодови
- Финансиска понуда: цена 40 бодови

Вкупна оценка: 100 бодови

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

Swiss Agency for Development and Cooperation SDC

„Проектот е поддржан од владата на Швајцарија преку Цивика мобилитас"

Нарачателите  го задржуваат правото да ја прифатат или одбијат било која понуда.

9. Потпишување на договорот

По завршување на изборот за најповолен понудувач, сите понудувачи во постапката ќе бидат известени за одлуката за прифаќање/одбивање на доставената понуда во рок од 7 работни дена. Известувањето е од информативен карактер и не предизвикува правни последици.

Нарачателот го задржува правото да побара дополнителни документи од понудувачот. Најуспешниот понудувач ќе биде поканет да склучи договор за извршување на бараните услуги.

**Скопје,**
**06.08.2025**

„Проектот е поддржан од владата на Швајцарија преку Цивика мобилитас“